Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 65-ѓ став 7 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за методологијата за изработка на план за опоравување на системски значајни банки**
**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата за изработка на планот за опоравување на банка, којашто согласно со методологијата донесена од Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) е идентификувана како системски значајна банка.

Методологијата од ставот 1 од оваа точка ги содржи:
- елементите на планот за опоравување;
- начинот и роковите за доставување на планот за опоравување до Народната банка;
- начинот на оцена на планот за опоравување од страна на Народната банка.

2. Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

2.1. Под „план за опоравување“ (во понатамошниот текст: планот) се подразбира план со кој се предвидени мерки и активности коишто би ги презела системски значајната банка (во понатамошниот текст: банката) за обновување на нормалното работење и финансиската позиција, во услови на сериозни финансиски нарушувања.

2.2. Под „сериозно финансиско нарушување“ се подразбираат ситуации предизвикани од внатрешни или надворешни настани коишто можат да го загрозат нормалното работење на банката, односно понатамошното извршување на нејзините финансиски активности.

2.3. Под „критични функции“ се подразбираат производи, услуги или активности на банката чиешто престанување со извршување во земјата или во странство, поради системската значајност на банката, а особено заради потешкотии при заменливоста на овие производи, услуги или активности, најверојатно би предизвикало негативно влијание врз реалната економија или нарушување на финансиската стабилност.

2.4. Под „основни деловни линии“ се подразбираат деловните линии и услугите поврзани со нив, коишто имаат значајно влијание врз приходите, добивката или вредноста на банката или на групата на која ѝ припаѓа таа.

2.5. Под „опции за опоравување" се подразбираат активности, договори, мерки или стратегии на банката коишто се опфатени со планот и овозможуваат обновување на нормалното работење или на финансиската позиција, во услови на сериозни финансиски нарушувања.

2.6. Под „значителна промена" се подразбира секоја промена којашто може да има влијание врз можноста за спроведување на планот или за примена на некоја од опциите за опоравување предвидени во планот.

## II. ЕЛЕМЕНТИ НА ПЛАНОТ ЗА ОПОРАВУВАЊЕ

3. Планот ги опфаќа најмалку следниве елементи:

- Резиме на планот, согласно со точката 4 од оваа одлука;
- Организациска поставеност во врска со изработката, донесувањето, спроведувањето и ажурирањето на планот, согласно со точките 5, 6 и 7 од оваа одлука;
- Стратегиска анализа, согласно со точките 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од оваа одлука;
- Комуницирање на планот, согласно со точките 17 и 18 од оваа одлука;
- Подготвителните активности коишто треба да се преземат за да се создадат услови за спроведување на планот, согласно со точката 19 од оваа одлука.

Покрај елементите од ставот 1 од оваа точка, планот задолжително содржи и индикатори за нарушување на финансиската позиција или работењето, согласно со точките 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 од оваа одлука, и симулации, согласно со точките 28, 29, 30 и 31 од оваа одлука.

### Резиме на планот

4. Резимето на планот треба да содржи:

- краток преглед на сите елементи на планот од точката 3 од оваа одлука;
- краток преглед на значителните промени коишто настанале во банката, во групата на која ѝ припаѓа, окружувањето или во планот, во периодот по неговото последно доставување до Народната банка.

### Организациска поставеност

5. Информациите за организациската поставеност треба најмалку да содржат детален опис на:

5.1. Постапката за изработка, донесување, спроведување и ажурирање на планот, вклучувајќи и опис на начинот на кој планот е вклучен во системот за корпоративното управување и во целокупниот систем за управување со ризиците. Во овој дел се наведуваат и лицата и организациските единици вклучени во изработката, донесувањето, спроведувањето и ажурирањето на секој дел од планот, се дава опис на нивната улога (должности и одговорности) и се наведуваат лицето/лицата коишто се одговорни за навремено идентификување на потребата за ажурирање на планот. Доколку банката е дел од група, во овој дел се дава опис и на мерките и активностите преземени на

ниво на групата со кои се обезбедува координација и усогласеност на опциите за опоравување на ниво на групата и на ниво на поединечна членка на групата.

5.2. Начинот и роковите за оценување на планот од страна на Службата за внатрешна ревизија, друштвото за ревизија или Одборот за управување со ризиците на банката.

5.3. Интерните акти (правила, процедури и слично) за навремено спроведување на опциите за опоравување, коишто најмалку треба да вклучат:

- детален опис на индикаторите од точките 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 од оваа одлука;
- детален опис на процесот за одлучување која опција на опоравување ќе ја преземе банката, согласно со мерките и активностите предвидени во планот, вклучувајќи најмалку опис на: улогата и задачите на лицата вклучени во процесот на одлучување, процедурите коишто треба да се следат во процесот на одлучување, и рокот во кој треба да се одлучи за преземање одредена опција за опоравување, како и роковите и начинот на известување на Народната банка.

5.4. Описот на системот за известување на органите на банката, вклучувајќи ги информациите коишто ќе им овозможат на органите на банката да направат навремен и правилен избор на опциите за опоравување предвидени во планот.

5.5. Останатите интерни акти (правила, процедури и слично) коишто се однесуваат на изработката, спроведувањето, донесувањето и ажурирањето на планот.

6. Планот го донесува Управниот одбор на банката, а го одобрува Надзорниот одбор.

Управниот одбор на банката е надлежен за организациската поставеност во врска со планот, особено од аспект на поделбата на надлежностите на одделните организациски единици, одбори или лица во банката за изработката, спроведувањето и ажурирањето на планот, согласно со точката 5 од оваа одлука.

7. Банката е должна да го ажурира планот најмалку еднаш годишно, а на барање на Народната банка и почесто, како и во случај на значителни промени кај банката, групата на која ѝ припаѓа или во окружувањето.

Банката е должна со интерен акт да го уреди начинот на изработка, спроведувањето и динамиката на ажурирање на планот, како и случаите на значителни промени од ставот 1 од оваа точка.

## Стратегиска анализа

8. Во стратегиската анализа банката е должна да ги идентификува основните деловни линии и критичните функции и да ги утврди активностите што треба да ги преземе за продолжување на нивното извршување во услови на нарушување на нејзината финансиска позиција.

При идентификувањето на критичните функции, банката треба да ги има предвид влијанието што би го имало престанувањето на извршувањето на таа

функција врз клиентите на банката или врз финансиската стабилност, како и можноста функцијата да ја преземе друго правно лице присутно на пазарот на таа критична функција, во ист обем и квалитет, со прифатлив трошок за клиентот и во разумен рок.

9. Во стратегиската анализа банката е должна да вклучи најмалку:
- информации за банката, согласно со точката 10 од оваа одлука;
- опис на опциите за опоравување, согласно со точките 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од оваа одлука.

10. Информациите за банката, треба најмалку да вклучат:

10.1. Опис на главните карактеристики на банката, а особено:
- детален опис на деловната стратегија и на стратегијата за управување со ризиците;
- листа на земји во кои претежно ги врши своите активности;
- детален опис на основните деловни линии и критичните функции, заедно со причините за идентификувањето на одделните критични функции.

10.2. Доколку во извршувањето на основните деловни линии и критичните функции се вклучени и други лица (членки на иста група, друштва за помошни банкарски услуги или други лица) се дава преглед на вклученоста на овие лица во извршувањето на основните деловни линии и критичните функции и опис на влијанието на овие лица врз спроведувањето на планот.

10.3. Доколку банката е членка на група, се дава опис на меѓусебната поврзаност на одделните членки, врз основа на значајни изложености, договори за преземени обврски, договори за финансиска поддршка и слично.

10.4. Опис на поврзаноста на банката со трети лица, којшто вклучува информации за значајни изложености и обврски и значајни услуги коишто банката ги користи од трети лица.

11. Банката е должна да идентификува опции за опоравување и да даде опис на секоја опција, согласно со барањата од точките 12, 13, 14, 15 и 16 од оваа одлука, вклучувајќи и опис на мерките што би се преземале во секоја опција.

12. Во планот треба да бидат вклучени сите опции за опоравување, без разлика дали соодветната опција бара промена во постојното деловно работење на банката.

Планот не треба да предвидува пристап до и користење средства од буџетот на Република Македонија.

13. Секоја опција за опоравување треба да содржи активности и мерки коишто ќе овозможат обновување на нормалното работење и на финансиска позиција на банката, а чијашто основна цел е одржување на основните деловни линии и на критичните функции, и тоа најмалку:
- активности и мерки чијашто основна цел е да се зачува или да се достигне соодветно ниво на сопствени средства на поединечно или консолидирано ниво, преку докапитализација од надворешни извори

или преку интерни мерки за подобрување на солвентната позиција на банката;
- активности и мерки со кои на банката и се обезбедува пристап до извори на финансирање во вонредни услови заради продолжување на нејзините активности и навремено намирување на обврските, при што се наведуваат и потенцијалните извори на финансирање, процена на средствата коишто би можеле да се користат како обезбедување и процена на можностите за прераспределба на ликвидните средства во групата или помеѓу поединечни деловни линии;
- активности и мерки за намалување на профилот на ризичност и на задолженоста или за измена на основните деловни линии, вклучувајќи и анализа на можноста за продажба на имотот, вложувањата во други правни лица или на поединечните деловни линии, во зависност од тоа што е применливо за банката;
- активности и мерки за доброволно реструктурирање на обврските.

Доколку одредена опција за опоравување не вклучува некоја од активностите од ставот 1 од оваа точка, планот треба да содржи образложение зошто таа активност е исклучена, односно не е значајна за банката.

14. Секоја опција за опоравување треба да содржи оцена на нејзиното влијание, којашто најмалку треба да опфати:
- оцена на влијанието врз активата, солвентноста, ликвидноста, можноста за финансирање, профитабилноста и работењето на банката;
- оцена на влијанието врз надворешното окружување или врз финансискиот систем, имајќи ги предвид критичните функции што ги врши банката, како и оцена на влијанието врз акционерите, клиентите, депонентите или другите доверители, другите договорни страни или на групата како целина (доколку банката е членка на група);
- претпоставките врз основа на кои се направени оцените од алинеите 1 и 2 од оваа точка.

15. Секоја опција за опоравување треба да содржи оцена на можноста за нејзина примена, којашто најмалку вклучува:
- оцена на ризиците поврзани со опцијата, со детален опис на можните значајни ограничувања коишто би ја намалиле ефикасноста или навременото спроведување на планот;
- доколку банката е членка на група, анализа на можните ограничувања за ефикасно спроведување на опцијата за опоравување коишто произлегуваат од структурата на групата или од односите во групата, особено ограничувањата за брз пренос на средства или плаќање/наплата на обврските и средствата во рамките на групата;
- опис на можните решенија за отстранување или надминување на ограничувањата од алинеите 1 и 2 од овој став.

За потребите на ставот 1 од оваа точка, значајните ограничувања се однесуваат на кој било фактор којшто може негативно да влијае врз навременото спроведување на опцијата за опоравување, како на пример кој било правен, оперативен, деловен, финансиски или репутациски ризик.

16. Секоја опција за опоравување треба да биде јасно поврзана со специфична симулација, согласно со точките 28, 29, 30 и 31 од оваа одлука, при што се опишува начинот на кој опцијата за опоравување би овозможила

непрекинато работење на банката и непрекинат пристап до финансиските пазари.

**Комуницирање на планот**

17. Банката е должна со интерен акт да го определи начинот на комуницирање на планот во рамките на банката, со акционерите, Народната банка и другите супервизорски или регулаторни органи.

18. Планот треба да вклучи и начин на комуникација во случај на спроведување на една или повеќе мерки, при што може да се предвиди различен начин на комуникација во различните опции за опоравување.

**Подготвителни активности**

19. Планот треба да ги содржи подготвителните активности коишто ги презела или коишто треба да ги преземе банката заради создавање услови за спроведување на планот или зголемување на неговата ефикасност.

Со планот треба да бидат определени и роковите за спроведување на подготвителните активности од ставот 1 од оваа точка.

Активностите од ставот 1 од оваа точка ги содржат и сите активности коишто се неопходни за отстранување на ограничувањата за ефикасна примена на опциите за опоравување.

**Индикатори за нарушување на финансиската позиција или работењето на банката**

20. Банката е должна во планот да дефинира индикатори коишто покажуваат можно нарушување на нејзината финансиска позиција или нејзиното работење.

За секој индикатор определен во оваа глава од одлуката, банката треба да утврди гранична вредност чиешто надминување би значело преземање одредена опција за опоравување.

По исклучок на ставот 2 од оваа точка, доколку органите на банката сметаат дека е тоа соодветно за состојбата во која се наоѓа банката, банката може:

- да преземе мерка или активност од планот и кога не е надмината граничната вредност на одреден индикатор; или
- да не преземе мерка или активност од планот, без разлика на надминувањето на граничната вредност.

Банката е должна во рок од пет дена да ја информира Народната банка за случаите од ставот 3 од оваа точка, со соодветно образложение за изборот.

21. Банката задолжително вклучува во планот индикатори најмалку за следниве категории коишто се однесуваат на нејзиното работење:

21.1. Индикатори за капиталот: стапка на редовен основен капитал, стапка на адекватност на капиталот и стапка на задолженост. Банката ја утврдува

граничната вредност на овие индикатори на ниво коешто е над минималните законски барања поврзани со редовниот основен капитал и сопствените средства и над висината на интерниот капитал. При утврдување на граничната вредност на овие индикатори, банката треба да го има предвид фактот дека вообичаено е потребен подолг временски период за спроведување на мерките за подобрување на солвентната позиција и дека овие мерки се повеќе чувствителни на пазарните движења.

21.2. Индикатори за ликвидноста: учество на ликвидната актива во вкупната актива и трошок на финансирање на меѓубанкарскиот пазар на пари.

21.3. Индикатори за профитабилноста: стапка на поврат на активата, стапка на поврат на капиталот и показатели за оперативната ефикасност.

21.4. Индикатори за квалитетот на активата: стапка на раст на нефункционалните кредити, учество на нефункционалните кредити во вкупните кредити и стапка на покриеност на нефункционалните кредити со исправка на вредноста за нефункционалните кредити.

22. Покрај индикаторите од точката 21 од оваа одлука, банката е должна да користи и макроекономски индикатори (пр. стапка на раст на бруто - домашниот производ или намалување на кредитниот рејтинг на државата) и пазарни индикатори (пр. промена во девизниот курс, цената на акциите, каматните стапки и слично).

23. По исклучок на точките 21 и 22 од оваа одлука, банката може да замени некој од наведените индикатори или да го исклучи од планот, доколку оцени дека индикаторот не е значаен за нејзиниот профил на ризичност, големина и/или сложеност, за што доставува соодветно образложение до Народната банка, како посебно известување или како дел од планот.

Без разлика на ставот 1 од оваа точка, банката е должна да вклучи најмалку еден индикатор во категориите од точката 21 од оваа одлука.

24. Планот треба да содржи образложение за изборот на секој индикатор и за утврдената гранична вредност за тој индикатор.

25. Индикаторите и утврдените гранични вредности треба:
- да бидат соодветни на деловниот модел, стратегијата и профилот на ризичност на банката;
- да бидат соодветни на големината и сложеноста на активностите на банката;
- да овозможат навремено одлучување за преземање мерка или активност од планот;
- да се во согласност со системот за управување со ризиците и со показателите содржани во планот за управување со ликвидносниот ризик во вонредни услови и со планот за континуитет во работењето.

При утврдувањето на граничната вредност на секој индикатор треба да се земат предвид и обемот и брзината на достигнување на граничната вредност.

26. При редовното ажурирање на планот согласно со точката 7 од оваа одлука, банката е должна да ја преиспита оправданоста од користењето на одбраните индикатори и нивните гранични вредности.

27. При утврдувањето на квантитативните индикатори од оваа глава, банката треба да воспостави систем за постојано следење на вредноста на одделните индикатори, заради навремено информирање на органите на банката за можноста одреден индикатор да ја достигне својата гранична вредност.

**Симулации**

28. Банката е должна да утврди најмалку четири симулации за сериозни финансиски нарушувања, врз чија основа ќе ја тестира ефикасноста на секоја опција за опоравување и соодветноста на утврдените индикатори.

Видот и бројот на симулациите од ставот 1 од оваа точка се одредуваат земајќи ги предвид видот, обемот и сложеноста на активностите коишто ги врши банката и окружувањето во кое работи.

Банката е должна најмалку еднаш годишно да го спроведе тестирањето од ставот 1 од оваа точка.

29. Симулациите од точката 28 од оваа одлука треба да опфатат најмалку системски шокови и шокови коишто се специфични за работењето на банката, како на пример:

- нарушување на работењето на одредена дејност којашто е значајна за банкарскиот систем и за банката, што би влијаело негативно врз финансиската стабилност;
- намалување на ликвидноста на меѓубанкарскиот пазар;
- зголемување на ризикот на земјата или значаен одлив на капитал од земјата каде што работи банката;
- неповолни движења на цените на еден или повеќе пазари;
- неповолни макроекономски движења;
- сериозно нарушување на репутацијата на банката или на групата на која ѝ припаѓа;
- значаен одлив на ликвидни средства од банката;
- неповолни движења на цените на средствата (хартии од вредност, недвижности и слично) коишто се значајни за банката или за групата на која ѝ припаѓа;
- значајни кредитни загуби;
- значајни загуби заради остварување на оперативниот ризик; и/или
- престанување со работење на друга договорна страна којашто е значајна за банката.

30. Секоја поединечна симулација треба да ги исполнува следниве услови:

- да биде значајна за банката, односно да се заснова врз шоковите коишто се најзначајни за банката или групата на која ѝ припаѓа, имајќи го предвид нејзиниот деловен модел и начин на финансирање, нејзините финансиски активности, големина и поврзаност со останатите финансиски институции или со финансискиот систем во целина, како и идентификуваните слабости и недостатоци во работењето на банката или на групата на која ѝ припаѓа;

- предвидените шокови да се од таква природа што доколку навремено не се преземат мерките предвидени во планот, банката или групата на која ѝ припаѓа, можат да престанат да работат;
- да се заснова врз шокови коишто се исклучителни, но возможни.

31. Секоја симулација, до оној степен до кој е тоа можно, треба да ги вклучи и ефектите од шоковите предвидени во таа симулација врз сопствените средства, ликвидноста, профилот на ризичност и репутацијата на банката и на нејзиното непречено учество во платните системи и системите за порамнување.

## III. НАЧИН И РОКОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ОПОРАВУВАЊЕ

32. Рокот за доставување на планот до Народната банка е шест месеци по датумот на кој Народната банка ја известила банката дека е идентификувана како системски значајна банка, согласно со методологијата на Народната банка за идентификување системски значајни банки.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, банката којашто за прв пат е идентификувана како системски значајна банка е должна да го достави планот до Народната банка, во рок од девет месеци по датумот на кој Народната банка ја известила дека е идентификувана како системски значајна банка.

Доколку Народната банка побара промени во планот, согласно со главата IV од оваа одлука, банката е должна да го достави новиот план до Народната банка во рокот наведен во известувањето од Народната банка.

33. Банката го доставува планот во пишана и во електронска форма.

## IV. НАЧИН НА ОЦЕНА НА ПЛАНОТ ЗА ОПОРАВУВАЊЕ

34. Народната банка е должна во рок од шест месеци од доставувањето на планот да оцени дали доставениот план ги исполнува условите пропишани во оваа одлука, односно да оцени дали:
- примената на мерките и активностите предвидени во планот ќе овозможат одржување или обновување на нормалното работење и на финансиската позиција на банката или на групата, имајќи ги предвид подготвителните активности што се преземени или се планира да бидат преземени;
- планот и одделните опции за опоравување ќе можат да се применат брзо и ефикасно во услови на шокови, без да се предизвика значително негативно влијание врз финансискиот систем.

Оцената од ставот 1 од оваа точка, Народната банка ја врши преку оцена на комплетноста, квалитетот, можноста за примена на планот и соодветноста на опциите за опоравување, земајќи ги предвид структурата на сопствените средства и изворите на финансирање на банката, сложеноста на нејзината организациска структура и профилот на ризичност.

35. Оцената на комплетноста на планот ги опфаќа следниве аспекти:
- дали планот ги опфаќа најмалку елементите предвидени во главата II од оваа одлука;

- дали планот содржи ажурирани податоци и информации, пред сè во поглед на настанати значителни промени во банката или останатите лица вклучени во планот, особено во организациската структура, деловното работење или финансиската позиција, по последното поднесување на планот до Народната банка;
- дали планот вклучува анализа на можноста кога и како банката може да се обрати до Народната банка за добивање кредит во крајна инстанца, како и дали се утврдени средствата коишто би се користеле како обезбедување за кредитот;
- дали планот содржи соодветен избор на симулации за сериозни макроекономски и финансиски шокови коишто се релевантни за работењето на банката;
- дали планот содржи индикатори врз чија основа може да се утврди кога е потребно преземање мерки, согласно со планот;
- дали планот предвидува можност за финансиска поддршка во рамките на групата, доколку банката е членка на група.

36. При оцената на квалитетот на доставениот план, Народната банка ги оценува следниве критериуми:

36.1. Јасноста на одредбите на планот, којашто се смета дека е постигната доколку:
- планот е напишан на јасен и разбирлив јазик;
- дефинициите и описот на активностите се јасни и имаат исто значење во целиот план;
- соодветно се објаснети претпоставките и начинот на вреднување на одделните позиции;
- упатувањето на документи, податоци и информации коишто не се содржани во планот, како и на анексите кон планот не претставува пречка за идентификување на соодветните опции за опоравување.

36.2. Значајноста на информациите содржани во планот, којашто се смета дека е постигната доколку со информациите се идентификуваат соодветните опции за опоравување.

36.3. Сеопфатноста на планот, којашто се смета дека е постигната доколку се земени предвид природата на активностите на банката и на останатите лица вклучени во планот, нивната големина и поврзаност со други лица или групи и со финансискиот систем во целина.

37. При оцената на можноста за примена на планот, Народната банка ги оценува следниве критериуми:
- вклученоста на планот во корпоративното управување и системот за управување со ризиците на банката;
- планот содржи доволен број возможни и остварливи опции за опоравување коишто даваат основа банката или групата да се справат со различните шокови на брз и ефикасен начин;
- опциите за опоравување предвидуваат соодветни активности за справување со макроекономските или финансиските шокови;
- предвидената временска рамка за спроведување на опциите е реална и е земена предвид при изработката на процедурите за спроведување на планот;
- тестирана е соодветноста на различните симулации;

- претпоставките предвидени во планот и во секоја од опциите за опоравување се реални и остварливи.

38. При оценката на опциите за опоравување коишто банката ги вклучила во планот, Народната банка оценува:

- дали е веројатна навремена и ефикасна примена на планот или на одредена опција за опоравување во услови на сериозни макроекономски или финансиски шокови;
- дали е веројатна примената на планот или на одредена опција за опоравување на начин на кој би се постигнале целите без да се предизвика значително негативно влијание врз финансискиот систем;
- степенот до кој опциите за опоравување на банката можат да бидат во судир со опциите за опоравување на други институции или групи коишто имаат слични карактеристики (сличен деловен модел, деловна стратегија, опфат на активности коишто ги вршат), во случај на истовремено спроведување на планови за опоравување од страна на повеќе финансиски институции или групи;
- степенот до кој истовремената примена на опциите за опоравување од повеќе институции или групи би можело да има негативни ефекти врз спроведувањето на предвидените опции за опоравување.

39. Доколку Народната банка оцени дека во планот доставен од банката постојат значителни недостатоци или значителни ограничувања за негова примена, писмено ја известува банката и ѝ дава можност во рок од 15 дена од приемот на известувањето да достави мислење за утврдените недостатоци или ограничувања.

Доколку во рокот од ставот 1 од оваа точка банката не го достави мислењето или доколку Народната банка утврди дека мислењето не дава соодветно образложение за утврдените недостатоци или ограничувања за примената на планот, ќе ѝ наложи на банката во рок од два месеца да достави изменет план во кој ќе бидат отстранети утврдените недостатоци или ограничувања.

40. Доколку банката не го достави изменетиот план или доколку со изменетиот план не се отстранети утврдените недостатоци или ограничувања за неговата примена, Народната банка може да преземе која било мерка, согласно со закон.

41. Доколку Народната банка оцени дека планот ги исполнува барањата пропишани со оваа одлука или доколку го прифати мислењето на банката доставено согласно со точката 39 став 1 од оваа одлука, ја известува банката дека планот е прифатен.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

42. Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

43. По исклучок на точката 32 ставови 1 и 2 од оваа одлука, банката којашто до 30 април 2017 година Народната банка ја известила дека е

идентификувана како системски значајна банка, е должна да го достави планот до Народната банка, најдоцна до 30 јуни 2018 година.

| | |
|---|---|
| **О бр. 02-15/II-7/2017** | **Гувернер** |
| **27 февруари 2017 година** | **и претседавач** |
| **Скопје** | **на Советот на Народната банка** |
| | **на Република Македонија** |
| | **Димитар Богов** |